АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Бр. 05-125/24
14-02-2023

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-125/17 од 02.02.2023 г. Извештај за текот на е-аукцијата за Набавка на тонери и компјутерска галантерија бр.05-125/22 од 10.02.2023 г. и Извештај од спроведена постапка бр.05-125/23 од 10.02.2023 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**00566/2023** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Набавка на тонери и компјутерска галантерија

На основ на Записник од отворање на понуди бр.05-125/17 од 02.02.2023 г. Извештај за текот на е-аукцијата за Набавка на тонери и компјутерска галантерија бр.05-125/22 од 10.02.2023 г. и Извештај од спроведена постапка бр.05-125/23 од 10.02.2023 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-125/2 од 17.01.2023 г., со примена на постапка Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за Набавка на тонери и компјутерска галантерија се доделува на:

За **Дел 1 – Набавка на тонери**
**Друштво за производство, промет и услуги**
**„ ОФИС ПЛУС "ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 8 (осум) прифатливи понуди.

**За Дел 2 Набавка на компјутерска галантерија**
**Трговско друштво за промет и услуги**
**„ АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Ул. „Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 - Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr."Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 - Shkup
Telefoni: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителот на најповолната понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Sheval Ceku**

**доставено до**:
- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

| | | |
|---|---|---|
| изготвил: | Јанко Михајловски | 13.02.2023 |
| контролирал: | Анета Тодоровска | |
| Одобрил: | Аријана Раман | |